

# ФИЛИП БУЛОВИЋ



**КАТАЛОГ**

слика 601
слика 602
слика 603
слика 604
слика 605
слика 606
слика 607
слика 608
слика 609
слика 610
слика 611
слика 612
слика 613
слика 614
слика 615
слика 616
слика 617
слика 618
слика 619
слика 620
слика 621
слика 622
слика 623
слика 624
слика 625

*Годините на пријателство што ме сврзуваат со Филип Буловиќ се совпаѓаат со она што другите го нарекуваат наша сликарска биографија. Природно е, тогаш, што во мојата претстава неговите слики се само делче од целиот Липи, очила низ кои гледам само трошка од неговиот (па и од мојот) живот, што ете сега, пред нашите очи се престоруваат во оваа шифрирана ликовна интерпункција. Не е ни чудо што зад овие блескави пламенчиња од огнени змијурчиња кои секогаш некаде патуваат, каприциозно и незадржливо, се појавуваат во мојата совест првите денови на другарувањето, светлината на Калемегдан и Академијата од тие шеесетти години во Белград тој стар „Бакутанер" (како што би рекол Копор) малку сур и намќорест, но секогаш со џепови преполни суво грозје и леблевија. И тука, се разбира, го гледам Липи, тој голушторец од Дурмиторска кој се турна на Академијата директно од шестиот клас гимназија како исклучително талентиран за да не предизвикува и задева, задрогазот, како лесно му оди од рака она околу кое ние се измачувавме.*

*Не беше ли веќе тогаш создаден оној самурајски ред во сликарството според чии кодекси Бата Михаиловиќ, од своите париски далечини без напор ги подигаше во бранови заспаните длабочини на нашите сликарски баруштини, а Тодор Стевановиќ со еден непогрешен потег го расечуваше птичјето перце. Во тој ред без генерации Липи ја избра дисциплината на просторот. Ја нарами торбичката, и како еден од оние нескротливи молекули од неговите слики, појде во она големо непознато што се вика движење и што се вика љубопитност. Најпрвин ме зачуди тоа што се најде на некои ладни скандинавски белини и, што се прочуениот шведски скулптор Ајне Јунес, со години работеше некои огромни железарии во просторот. Липи, тој суптилен музичар на цртежот, кој гребеше со перцето како што инсектот со ножињата ја испитува храната, среде тој снег и пред блескавите метали! Но секое патување изгледа мора негде да почне.*

*И така (во клима од која ми се стресуваат вилиците) тој го почна своето вистинско враќање кон сонцето, кон ветриштата и завриената луцидност на Медитеранот (го памтиш ли Липи оној Мустаки во Париз кога ти и Зорица така ненајдено затропавте сред ноќта?) Ги впиваше во себе и во своето сликарство туниските анџарии светлина, критската бистрина, чудовишната грандиозност на Ацтеките, недопирливите далечини на Андите. Се претопуваше сето тоа во некакви блескави свилени конци, во некакво чудно смолесто плетиво, неразмрсени клопчиња, предиво. На неговите слики се јавуваат ненадејни врели урагани, некакви сури предчувства, неочекувани маглини, и врз сето тоа, како во дневникот на некој испробан патник, се редат детали на внесена опсервација. Подлогата е обично просторот и светлинските поместувања на просторот: матните петна (широк замав со четката) се здив на емоциите, возбуден коментар на сликарот, над тоа почнува играта, мечување на еден податок со друг податок, анегдотски настани од многу кратки временски дистанци. Со разместувањето на повеќе такви групации на разни делови на платното почнува оркестацијата. А потоа тие бои-таа лилава, тоа луто зелено, тие бели молњи над тиркизот!*

*Некои од Липиевите слики ги гледам како писма до пријателите. Сакам да мислам дека по некое од нив е упатено до мене. Во лилавите магли впишани се ноти, калиграфски партитури на еден скитник што залезите ги одбележува со пурпур, полноќта со ултрамарин а пладнето со бели жарчиња над усвитеното жолто. Од тој словошис полека се издвојуваат некои ембрионални антропоморфни суштества, главно големи групички од емигранти, еден вид разултарни хорди што тргнуваат во неизвесни походи. Кон некои распукнати хоризонти, кон провалии, кон светлината...*

*Природно дека овие слики еднаш мораше да стасаат и во Скопје. Во Белград ланската зима тие беа дел од тамошните зимски чаролии, а за нас, неговите пријатели, уште и личен празник, прослава на волшебностите на нашата сликарска младост. Не дека скитањето завршило и дека скитањето има крај! Можеби тајната на нештата е во тоа што еден вид станици за нас мораат да постојат, станици за починка на нашите соништа. Во Горна Белица (Струшко) Липи го подигна речиси со голи раце своето ателје на темелите од урнатата куќа на своите родители. Кој ќе ја расплете сега логично и со сигурност таа замрсена мрежа, што ги сплеткала јазлите меѓу Дурмиторска улица во Белград, Стокхолм, Паленка и Оаксака во Мексико, и Белица, пусто село на пустиот Балкан. Попусто ќе се тувка и чесниот Розенгрин, наш другар и потпишан пријател на Југославија, дека „Липи" познава само три Шведски годишни времиња, непознавајќи го Шведското лето. Така, веројатно, и ќе остане. Зашто таму каде што почнува нашето лето, таму почнува и Липи, а заедно со нашето лето лето почнува и неговото безумие, сиот вистински ум на нашата лудост и непредвидливост.*

***Глигор Чемерски***





*РАСЦУТЕНО МОРЕ*

*ФИЛИП БУЛОВИЌ живее во Шведска есента, зимата и пролетта. За нашето убаво шведско лето тој ништо не знае зашто тогаш е во својата татковина. Дали неговото сликарство полно со музика и возбудливи движења би доживеала некакви промени, и по ваквото искуство можам само да претпоставувам. Уметноста на Филип Буловиќ е југословенска, ете како најкратко можам да ја опишам.*

*Дури и мојот четворогодишен син навикна јасно да го разликува тоа тешко објасниво својство на југословенското модерно сликарство. Според сликите на Филип тој дури и во галериите непогрешно ги препознаваше „југословенските“ слики.*

*Сликарството на Филип е витално, музичко, динамично и нефигуративно. Неговите слики не ја претставуваат природата — тие се самите природа. Нивната содржина е морето, небото, карпите, каменот, реките. Тука морето навистина бучи а неговото постојано вознемирувачко и смирувачко движење ја почнува играта од самото дно што е во најбогато цутење. Многумина ја забележаа големата сличност на Филиповата уметност со најпознатиот писател што ние го имаме, Август Стриндберг. Стриндберг и самиот беше многу надарен сликар, и го сликаше морето. Начинот на кој Филиповото сликарство го голкува морето е сродно на оној од нашиот сестран уметник.*

*Од самото детство Филип и јас сме другари. Се родив во Рингверген, јужен Стокхолм а Филип во Дурмиторска улица во Белград, но тоа е истото мало, истата пролетрска улица. Таа постои во сите метрополи на светот и таа чудно магично не води, зарем не? — кон морето, кон вечноста. Тоа море, тоа драматично цутење најдрагоцениот мотив на Филип Булатовиќ.*

***Бент Розенгрин,** писател и критичар,*
пријател на Југославија претседател на
Одборот на Стриндберговиот музеј



**ФИЛИП БУЛОВИЌ**

**Роден е во Белград 1941 година. Академија за ликовна уметност завршил во Белград 1963. во класата на проф. Ѓорѓе Андреевиќ Кун. Се занимава со сликарство, графика и мозаик.**
**Студиски патувања: Италија, Франција, Англија, Холандија, Австрија, Западна и Источна Германија, Грција, Шпанија, Норвешка, Финска, Мексико, Перу, САД, СССР.**
**Од 1965. живее и работи во Стокхолм. Од 1966-1970 тој е скулпторасистент кај проф. Арне Јонес.**





ИЗЛОЖБИ:

1964-УЛУС, Белград
V Октомвриски салон, Белград
1965-Графички колектив, Белград
1966- Galeri st. paul, Париз
1969- Maria Galleriet, Стокхолм
1970- Interferences Europeenes, Модерни музеј, Céret, Франција во соработка со академикот Werner Aspenstrom
1971- Helsinborg, Шведска
1972-Boden, Шведска
1973-Vasteras, Шведска
- Galleri St. Paul, Стокхолм
- Галерри Клеегал, Данска
1974- Galerri st. Paul Стокхолм
1975-Galleri Kleegal, Данска
1976- Vantörs Konstförening, Стокхолм
- FGK galleri, Visby
1977- Traapan, Vallingbi, Стокхолм
1979- Handen
1980- Sveagalleriet, Стокхолм
1981- Југословенски центар за култура, Стокхолм
1982- Lilla galleriet, Arvidsjaur
- Здружение на слободни уметници, Стокхолм
- Karrtoro
1983- Bilmans Konstforenin, Стокхолм
- Södertelje, „Денови на српската култура“
1984 — Белград, Зимски чаролии

награди

1976 — Награда за култура на град Стокхолм
1980 — Награда за култура на град Стокхолм
1981 — Стипендија за студиско патување во Перу, уметнички одбор на Шведска





**ФИЛИП
БУЛОВИЌ**

Издавач:
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ — СКОПЈЕ
За издавачот:
Директор М-р ЃОРЃИЈА НАЈДЕСКИ
Организација на изложбата и каталог:
ТЕОФИЛ ШУЛАЈКОВСКИ — ТОФЕ

Техничка поставка на изложбата:
ТРАЈЧЕ ДИМОВСКИ
Тираж: 600
Печати РО НИП Нова Македонија ОЗТ печатница